Бр.14-290/19
12.03.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот Плански регион од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот Плански регион за 2017 година

1.Објавувам Одлука за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот Плански регион од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот Плански регион за 2017 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-314/17
15.03.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-03-2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот Плански регион од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот Плански регион за 2017 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот Плански регион од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот Плански регион за 2017 година

Член 2

Составен дел на ова Одлука е Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот Плански регион од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот Плански регион за 2017 година, бр.03-247/2 од 26-02-2018 година

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-290/20
12.03.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02 донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Решение за формирање на Комисија замесна самоуправа

1.Објавувам Решение за формирање на Комисија за месна самоуправа, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-314/18
15.03.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02) а во врска со член 25, 46 и 51 од Статутот на Општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02) Советот на општина Новаци на ден 12 .03.2018 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За формирање на Комисија замесна самоуправа

1.За членови на Комисијата за месна самоуправа се избираат:
-Љупчо Петровски - член
-Александар Канзуровски-член
-Славица Најдовска-Стојковска-член

За заменици членови на Комисијата за месна самоуправа се избираат:
-Наумче Смилевски - член
-Пецо Спировски - член
-Стефан Каранфиловски-член

2. Комисијата за месна самоуправа ги разгледува прашањата од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните од месните заедници.

Комисијата за месна самоуправа по барање на месните заедници, се грижат за:
- решавање на прашања од комунална инфрастуктура за соодветното подрачје;
-изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
- заштита на животната средина и природата;
- уредување и одржување на гробиштата во селските населби; - покренување иницијатива за уредување на просторот;
- организирање културни, спортски, забавни и други манифестации и
- други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

3.Мандатот на членовите на Комисијата трае 4 години.

4.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Новаци.

Бр.14-290/21
12.03.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци.,бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-314/19
15.03.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56 од 15.04.2011година , 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15, 52/16), Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 12.03.2018 година ја донесе следната

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект бр.5 индивидуална семејна куќа опишана во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , изработен од ДООЕЛ Гео Ленд со бр. 08-678/3 од 16,12,2016 година, изградена на **КП 487 и дел од 488 КО Далбеговци** во идната урбанистичко-планска документација за село Далбеговци , по барање на **Мендо Ѓорѓиевски од с. Далбеговци , со бр.Уп1 09-51 од 11,03.2016 година.**

Член 2

За с. Далбеговци Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-290/22
12.03.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02 донесувам .

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-314/20
15.03.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56 од 15.04.2011година , 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15, 52/16). Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 12.03.2018 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ **ОДОБРУВА** вклопување на бесправно изградениот објект бр.3 гаража Ѣ помошен објект опишан во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , изработен од ДООЕЛ Гео Ленд со бр. 0804-643/3-16 од 22,07,2016 година, изградена на **КП 110 КО Далбеговци** во идната урбанистичко-планска документација за село Далбеговци , по барање на **Драги Лозановски од с. Далбеговци , со бр.Уп1 09-155 од 31,03.2016 година.**

Член 2

За с. Далбеговци Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-290/23
12.03.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02 донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесено на седница на Совет на општина Новаци одржана на 12.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-314/21
15.03.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56 од 15.04.2011година , 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15, 52/16). Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 12.03.2018 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект бр.2 индивидуална семејна куќа опишан во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , изработен од ДООЕЛ Гео Ленд со бр. 0804-572/3-16 од 15,07,2016 година, изградена на **КП 110 КО Далбеговци** во идната урбанистичко-планска документација за село Далбеговци , по барање на **Ленче Лозановска** од **с. Далбеговци , со бр.Уп1 09-154 од 31,03.2016 година.**

Член 2

За с. Далбеговци Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-290/24
12.03.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02 донесувам .

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесено на седница на Совет на општина Новаци одржана на 12.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-314/22
15.03.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14 ,65/15, 217/5,52/16 година). Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 12.03.2018 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација и промена на намената

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изграден објект бр. 1 верски објект-црква „ Пресвета Богородица„ во КО Велесело изградени на КП бр. 126 КО Велесело , опишан во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , изработен од ДООЕЛ Гео Балкан Битола со бр. 07-881/5 од 11.03,2015 година, во идната урбанистичко-планска документација за село Велесело, по барање на МПЦ Преспанско Пелагониска епархија со бр. Уп1 09-136 од 30,03,2016 година .

Член 2

За с. Велесело Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-290/25
12.03.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Измена на Програмата за санација ,одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2016 година

1.Објавувам Измена на Програмата за санација ,одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2016 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-314/23
15.03.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-03-2018 година ја донесе следната

ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА:

санација ,одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2016 година

Член 1

СЕ ОДОБРУВА Измени на Програма за санација ,одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2016 година, бр.14-810/19 од 05.10.2016 година

I. Со оваа Измена на Програма се утврдуваат обемот на работите и средствата за реконструкција и одржување на полски патишта на подрачјето на општина Новаци за 2016година.

II. Средствата за реконструкција и одржување на полски патишта и улици во општина Новаци се утврдуваат како:

ПРИХОДИ

1.Приходи од Буџетот на Општина Новаци за 2016година **7.060.623,00ден**

РАСХОДИ **4.072.274,40 ден**

За редовно и инвестиционо одржување се планираат следните полски патишта:

1. Одржување на полски патишта - с.Г.Агларци Л=933,00 м Б=3,0м

1.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	933,00	10,00	9330,00 ден
1.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	2799,00	13,70	38.346,30 ден
1.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	559,80	850,00	475.830,00 ден

ВКУПНО : 364.914,60 ден

2. Одржување на полски патишта - с.Д.Агларци Л= 1040,00 м И Б=3,0м

2.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	1040,00	10,00	10.400,00 ден
2.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	3120,00	13,70	42.744,00 ден
2.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	624,00	850,00	530.400,00 ден

ВКУПНО : 583.544,00ДЕН

3. Одржување на полски патишта - с.Далбеговци Л= 630,00 м И Б=3,0м

3.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	630,00	10,00	6.300,00 ден
3.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	1890,00	13,70	25.893,00 ден
3.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	378,00	850,00	321.300,00 ден

ВКУПНО : 353.493,00ДЕН

4. Одржување на полски патишта - с.Добромири Л= 662,00 м И Б=3,0м

4.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	690,00	10,00	6.900,00 ден
4.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	1890,00	13,70	25.893,00 ден
4.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	378,00	850,00	321.300,00 ден

ВКУПНО : 354.093,00ДЕН

5. Одржување на полски патишта - с.Новаци Л= 1120,00 м И Б=3,0м

5.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	690,00	10,00	6.900,00 ден
5.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	2070,00	13,70	28.359,00 ден
5.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	414,00	850,00	351.900,00 ден

ВКУПНО : 387.159,00ДЕН

6. Одржување на полски патишта - с.Рибарци-с.Гнеотино Л= 0,00 м И Б=3,0м

6.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	000,00	10,00	0.000,00 ден
6.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	000,00	13,70	00.000,00 ден
6.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	414,00	850,00	000.000,00 ден

ВКУПНО : 0,00ДЕН

7. Одржување на полски патишта с.Брод Л=1000,00 м И Б=5,70м

7.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	1000,00	10,00	10.000,00 ден
7.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	5700,00	13,70	78.090,00 ден
7.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	1140,00	850,00	969.000,00 ден

ВКУПНО :1.057.090,00ДЕН

8. Одржување на полски патишта - с.Живојно Л= 0,00 м И Б=00м

8.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	000,00	10,00	0,00 ден
8.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	000,00	13,70	00.000,00 ден
8.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	000,00	850,00	000.000,00 ден

ВКУПНО :000.000,00ДЕН

9. Одржување на полски патишта - с.Бач Л=624,00 м И Б=0,0м

9.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	624,00	10,00	6.900,00 ден
9.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	1872,00	13,70	25.646,40 ден
9.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	374,40	850,00	318.240,00 ден

ВКУПНО : 350.786,40ДЕН

10. Одржување на полски патишта - с.Гермијан Л= 0,00 м И Б=0,0м

3.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	000,00	10,00	0,00 ден
3.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	000,00	13,70	0,00 ден
3.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	000,00	850,00	0,00 ден

ВКУПНО : 0,00ДЕН

11. Одржување на полски патишта. с.Арматуш ,с.Мегленци ,с.Д.Орехово Л= 0,00мБ=0,0м

3.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	0,00	10,00	0,00 ден
3.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	0,00	13,70	0,00 ден
3.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	0,00	850,00	0,00 ден

ВКУПНО : 0,00 ден

За одржување на полски патишта за населените места ВКУПНО :3.451.080,00 ДЕН
ДДВ18% : 621.194,4 ,40ДЕН

СЕ ВКУПНО :4.072.274,40,00ДЕН

Одделни позиции предвидени во оваа Програма можат да претрпат измени најмногу до 20 % од планираното поради потреба за изведување на неопходни дополнителни работи и довршување на конкретна ситуација.

РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА ПОЛСКИ ПАТИШТА И ЧИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈАНИ КАНАВКИ ПОКРАЈ ЛОКАЛНИТЕ И ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА ЗА 2016 Г.

ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТАЗА 2016Г. 4.072.274,40,00ДЕН

ЧИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈАНИ КАНАВКИ ПОКРАЈ ЛОКАЛНИ И ПОЛСКИ ПАТИШТА ЗА 2016 ..... 0,00ДЕН

СЕ ВКУПНО : 4.072.274,40,00ДЕН

Член 2

Измени на Програма за санација ,одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2016 година, влегува во сила со денот на донесување од Советот на општина Новаци, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци.,

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Мислење за не давање согласност за изградба на мала хидроелектрична централа МХЕЦ 213 на Бела река

1.Објавувам Мислење за не давање согласност за изградба на мала хидроелектрична централа МХЕЦ 213 на Бела река, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-314/24
15.03.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.03.2018 година, дава:

МИСЛЕЊЕ
За НЕ ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ за изградба на мала
хидроелектрична централа МХЕЦ 213 на Бела река

Член 1

НЕ СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за изградба на мала хидроелектрична централа МХЕЦ 213 на Бела река.

Член 2

Мислењето влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-290/27
12.03.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02 донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на Ристе Момоковски од с.Градешница за учество на ќерките-Ана, Марија и Атанасија на меѓународни натпревари во карате

1.Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства на Ристе Момоковски од с.Градешница за учество на ќерките-Ана, Марија и Атанасија на меѓународни натпревари во карате, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-314/25
15.03.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузмановски

Врз основа на член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-03-2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства на Ристе Момоковски од с.Градешница за учество на ќерките-Ана, Марија и Атанасија на меѓународни натпревари во карате

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства на Ристе Момоковски од с.Градешница во износ од **20.000,00** денари, за учество на ќерките-Ана, Марија и Атанасија на меѓународни натпревари во карате(за котизација, чланарина, превоз и др)

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Сретствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат на име Ристе Момоковски, наТрансакционасметка:500600000814991,ЕМБ:2905961410002, депонент Стопанска Банка АД Битола.

Член 3

Одлуката влегува во сила со ден на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-290/28
12.03.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на приоритет на проектот, Изградба на цевковод за водоснабдување на с. Бач , с.Брод, с.Живојно и с.Добровени

1.Објавувам Одлука за одобрување на приоритет на проектот, Изградба на цевковод за водоснабдување на с. Бач , с.Брод, с.Живојно и с.Добровени, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-314/27
15.03.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„„Службен весник на РМ„ бр.05/2002 , член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-03-2018 година донесе

О Д Л У К А

за одобрување на приоритет на проектот, Изградба на цевковод за водоснабдување нас. Бач , с.Брод, с.Живојно и с.Добровени

Член 1

СЕ ОДОБРУВА приоритет на проектот , Изградба на цевковод за водоснабдување на с. Бач, с.Брод, с.Живојно и с.Добровени

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-290/30
12.03.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на Кошаркарски клуб„Младост„Битола, за организирање на 8 Велигденски меѓународен кошаркарски турнир „Битола 2018„

1.Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства на Кошаркарски клуб„Младост„Битола, за организирање на 8 Велигденски меѓународен кошаркарски турнир „Битола 2018„, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-314/28 ОпштинаНоваци
15.03.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02) Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.03.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства на Кошаркарски клуб„Младост„Битола, за организирање на 8 Велигденски меѓународен кошаркарски турнир „Битола 2018„

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства на Кошаркарски клуб „Младост„ Битола во износ од **20.000,00 денари**, за организирање на 8 Велигденски меѓународен кошаркарски турнир „Битола 2018„

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Член 3

Сретствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат на име Кошаркарски клуб „Младост„ Битола, со жиро сметка:500-0000002377-74„даночен број 400299712740, при Стопанска банка АД Битола.

Член 4

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-290/31 Совет на општина Новаци
12.03.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02 донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Станко Мицевски с.Новаци

1.Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Станко Мицевски с.Новаци, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-314/29
15.03.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.03.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Станко Мицевски с.Новаци

Член 1

На Станко Мицевски с.Новаци, му се доделува еднократна парична помош во износ од **19.000,00** денари,за лекување и за понатамошно лекување .

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име:Станко Мицевски,
На Трансакциона сметка:290500000495308
ЕМБ:2803956483002
Депонент ТТК Банка

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-290/32
12.03.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма за санација и одржување на полски патишта во Општина Новаци за 2018 година

1.Објавувам Програма за санација и одржување на полски патишта во Општина Новаци за 2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-314/30
15.03.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-03-2018 година ја донесе следна

ПРОГРАМА

за санација и одржување на полски патишта во Општина Новаци за 2018 година

Член 1

I. Со оваа Програма се утврдуваат обемот на работите и средствата за санација и одржување на полски патишта на подрачјето на општина Новаци за 2018 година.

II. Средствата за санација и одржување на полски патишта и улици во општина Новаци се утврдуваат како:

П Р И Х О Д И

Приходи од Буџетот на Општина Новаци за 2016 година **3.972.588,00ДЕН**

Р А С Х О Д И..... **3.972.588,00ДЕН**

За редовно и инвестиционо одржување се планираат следните полски патишта:

1. Одржување на полски патишта - с.Г.Агларци Л=500,00 м Б=3,0м

1.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	500,00	10,00	5.000,00 ден
1.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	1500,00	13,70	20.550,00 ден
1.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	300,00	850,00	255.000,00 ден

ВКУПНО : 280.550,00 ден

2. Одржување на полски патишта - с.Д.Агларци Л= 500,00 м И Б=3,0м

2.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	500,00	10,00	5.000,00 ден
2.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	1500,00	13,70	20.550,00 ден
2.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	300,00	850,00	255.000,00 ден

ВКУПНО : 280.550,00 ден

3. Одржување на полски патишта - с.Далбеговци Л= 500,00 м И Б=3,0м

1.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	500,00	10,00	5.000,00 ден
1.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	1500,00	13,70	20.550,00 ден
1.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	300,00	850,00	255.000,00 ден

ВКУПНО : 280.550,00 ден

4. Одржување на полски патишта - с.Добромири Л= 500,00 м И Б=3,0м

4.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	500,00	10,00	5.000,00 ден
4.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	1500,00	13,70	20.550,00 ден
4.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	300,00	850,00	255.000,00 ден

ВКУПНО : 280.550,00 ден

5. Одржување на полски патишта - с.Новаци Л= 1100,00 м И Б=3,0м

5.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	1100,00	10,00	11.000,00 ден
5.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	3300,00	13,70	45.210,00 ден
5.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	660,00	850,00	561.000,00 ден

ВКУПНО : 617.210,00ДЕН

6. Одржување на полски патишта - с.Рибарци-с.Гнеотино Л= 500,00 м И Б=3,0м

6.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	500,00	10,00	5.000,00 ден
6.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	1500,00	13,70	20.550,00 ден
6.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	300,00	850,00	255.000,00 ден

ВКУПНО : 280.550,00 ден

7. Одржување на полски патишта с.Брод Л=400,00 м И Б=5,70м

7.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	400,00	10,00	4.000,00 ден
7.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	1200,00	13,70	16.440,00 ден
7.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	240,00	850,00	204.000,00 ден

ВКУПНО : 224 .440,00ДЕН

8. Одржување на полски патишта - с.Живојно Л= 400,00 м И Б=3,00м

8.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	400,00	10,00	4.000,00 ден
8.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	1200,00	13,70	16.440,00 ден
8.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	240,00	850,00	204.000,00 ден

ВКУПНО : 224 .440,00ДЕН

9. Одржување на полски патишта - с.Бач Л=400,00 м И Б=3,0м

9.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	400,00	10,00	4.000,00 ден
9.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	1200,00	13,70	16.440,00 ден
9.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	240,00	850,00	204.000,00 ден

ВКУПНО : 224 .440,00ДЕН

10. Одржување на полски патишта - с.Гермијан Л= 400,00 м И Б=3,0м

10.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	400,00	10,00	4.000,00 ден
10.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	1200,00	13,70	16.440,00 ден
10..3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	240,00	850,00	204.000,00 ден

ВКУПНО : 224 .440,00ДЕН

11. Одржување на полски патишта. с.Арматуш ,с.Мегленци ,с.Д.Орехово Л=800,00м и Б=3,0

5.1 Исколчување И обележување на патот	/м1/	800,00	10,00	8.000,00 ден
5.2 Планирање и валирање на земјениот пат	/м2/	2400,00	13,70	32.800,00 ден
5.3 Набавка транспорт И вградување со набивање на тампон со д= 20см	/м3/	480,00	850,00	408.000,00 ден

ВКУПНО : 448.800,00ДЕН

За одржување на полски патишта за населените места ВКУПНО : 3.366.600,00 ДЕН
ДДВ18% : 605.988,00ДЕН

СЕ ВКУПНО : 3.972.588,00ДЕН

Одделни позиции предвидени во оваа Програма можат да претрпат измени најмногу до 20 % од планираното поради потреба за изведување на неопходни дополнителни работи и довршување на конкретна ситуација

РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА

1. **ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И САНАЦИЈ НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТАЗА 2018 Г. ..... :3.972.588,00 ДЕН**

СЕ ВКУПНО : 3.972.588,00 ДЕН

Член 2

Програма за санација ,одржување на полски патишта во Општина Новаци за 2018 година, влегува во сила со денот на донесување од Советот на општина Новаци, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„

Составил : Б.Бежановски дги

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02 донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2018 година

1.Објавувам Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.03.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-314/31
15.03.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 106 став 3 од Законот за јавни патишта(„Службен весник на РМ бр.26/96 и член 21 став 1 точка 12 од Статутит на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр.5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.03.2018 година донесе

П Р О Г Р А М А

За изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2018 година

Член 1

I. Со оваа Програма се утврдуваат обемот на работите и средствата за изградба, реконструкција и одржување на локалната патна мрежа (локални патишта и улици) на подрачјето на општина Новаци за 2018 година.

II. Средствата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци се утврдуваат како:

П Р И Х О Д И

1. Приходи од Агенција за државни патишта патишта.....	3.221.567,00 ден.
2.Приходи од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година	5.174.431,00 ден.
Вкупно за локални патишта и улици	**8.395.998,00 ден**

Расходите се во висина на приходите и ќе се користат за следните намени;:

2.- Изградба	6.095.998,00 денари
3.-Зимско одржување	1.300.000,00 денари
4.Проектна документација	500.000,00 денари
5.Надзор.....	500.000,00 денари

ВКУПНО : 8.395.998,00 ДЕНАРИ

I.ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2018 год.

1. Изградба на локална улица во с.Г Агларци Б=3,00м Л=400,00м

1.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз со В=4,0m	/м2/	1600,00	25,00	40.000,00
1.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за колвоз со д=22 см	/м3/	352,00	1100,00	387.200,00
1.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	1200,00	770,00	924.000,00
1.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50 см со д=6см	/м3/	24,00	1.100,00	26.400,00

ВКУПНО : 1.377.600,00

ДДВ 18% : 43.982,00

СЕ ВКУПНО: 1.625.568,00

